Повратот на погрешно, или на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на Градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 24**

Се овластува Одделението за финансиски прашања да ги примени одредбите од новите законски прописи кои ја регулираат исплатата на бруто плата.

**Член 25**

Буџетот на Општина Ранковце се извршува од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

**Член 26**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Ранковце, а ќе се применува од 01 Јануари 2026 година.

**Бр. 09-1585/5**
**25.12. 2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.12.2025 година.
2. Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на административните службеници за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-1611/3**
**26.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15,5/16, 80/16, 127/16,142/16,2/17,16/17 I 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22 ), Советот на општина Ранковце, на 4-тата седницата одржана на 25.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на вредност на бодот за платите на административни службеници за 2026 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за платите на административни службеници за 2026 година изнесува 81,60 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ранковце", а ќе се применува со исплата на платата за јануари 2026 година.

**Бр. 09-1585/6**
**од 25.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Буџетски календар за 2026 година на Општина Ранковце**

1. Се прогласува Буџетскиот календар за 2026 година на Општина Ранковце донесен на 4-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.12.2025 година.
2. Буџетскиот календар за 2026 година на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-1611/4**
**26.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 27, став 4 и став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(„ Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22 и 170/24), Советот на Општина Ранковце на 4-тата седница одржана на ден 25.12.2025 година донесе

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА 2026 ГОДИНА**
**НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ**

| Датум | Буџетски активности | Одговорност |
|---|---|---|
| **1 Јануари** | Започнува новата буџетска година | |
| **Јануари** | Објавување на донесениот буџет од тековната година на општинската веб страница и споделување со јавноста | Општинска администрација |
| **Најдоцна до 31 јануари** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи(К1,К2 и К3) за 4 квартал од претходната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина | Градоначалник, /Одделение за финансиски прашања |

| | | |
|---|---|---|
| **15 дена по истекот на секој месец** | Месечни извештаи на општинските буџетски корисници до општината со образложение за извршувањето на нивните финансиски планови | Општински буџетски корисници |
| **Најдоцна до 28 февруари во тековнатата година, за претходната година** | Се изготвува и доставува Годишната сметка на буџетот до Советот на општината | Градоначалник |
| **Најдоцна до 15 март во тековнатата година, за претходната година** | Се донесува Годишната сметка на буџетот | Совет на општина |
| **Најдоцна до 31 март во тековнатата година, за претходната година** | Годишната сметка на буџетот се доставува до Министертвото за финансии | Градоначалникот |
| **Најдоцна до 30 април** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 1 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина[1] | Градоначалник /Одделение за финансии |
| **Најдоцна до 31 јули** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 2 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина[2] | Градоначалник/Одделение за финансиски прашања |
| **До 30 Септември** | Министерот за финансии доставува буџетски циркулар со насоки за изготвување на Предлог-буџетот за наредната година до општината | Министерство за финансии |
| **Октомври** | Анализа на фискалниот капацитет на општината и комуникација со секој од клучните сектори во општината (со цел утврдување на нивните фискални потреби (буџетски трошења) во контекст на нивните планирани активности). Усогласување на аналитичките информации со целите/ приоритетите/активностите на секој од општинските сектори | Општинска администрација/одделение за финансии |

| | | |
|---|---|---|
| **Октомври** | Одговорните одделенија за подготовка на Годишните програми ги доставуваат предлог-преметките за наредната година со образложение за висината на износите по позиции | Општинска администрација |
| **Октомври** | Одделението за финасиски прашања врши преговарање и анализирање на доставените предлог-програми и пресметки и ги одредува приоритетите и одредбите за новиот Предлог-буџет. | Градоначалник/ Оделение за финансиски прашања |
| **Октомври/Ноември** | Организирање на буџетски форуми со граѓаните и посебните засегнати страни | Градоначалник/Општинска администрација |
| **Најдоцна до 31 октомври** | Подготовка и доставување на кварталните извештаи (К1,К2 и К3) за 3 квартал од тековната година со образложение за извршување на буџетот до Министерство за финансии и Совет на општина[3] | Градоначалникот/ Одделение за финансиски прашања |
| **Најдоцна до 15 ноември** | Се финализираат, разгледуваат и усвојуваат Планот на програмите за развој и Годишните програми за наредната фискална година | Совет на општина |
| **Ноември** | Барање за доставување на годишни финасиски планови за наредната фискална година до единките корисници за да се вметнат во предлог – буџетот | Буџетски единки корисници |
| **Крај на ноември/ Почеток на декември** | Доколку имазат забелешки од јавноста на буџетските форуми и нивните изгласани приоритети да се имплементираат во предлог – буџетото за наредната фискална година | Градоначалник |
| **Декември** | До Советот се доставува конечен Предлог-буџет од страна на Градоначалникот со соодветно образложение | Градоначалник |
| **Декември** | Се води расправа во телата на Советот на Општината. | Совет на општина |

| | | |
|---|---|---|
| **Крај на декември** | -Донесување на Буџетот за наредната буџетска година.<br>-Донесување на Одлука за извршување на буџетот на општината<br>-Донесување на Одлука за вредноста на бодот за пресметување на платата на државните службеници | Совет на општина |

**Член 2**

Буџетскиот календар на Општина Ранковце за 2026 година влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце‘‘, а ќе се применува од 1 Јануари 2026 година.

**Бр. 09-1585/7**
**25.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце**

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.12.2025 година.
2. Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1611/5**
**26.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 5 од Законот за даноците на имот(„Службен весник на РМ“ бр.61/04, 92/07,102/08,35/11,84/12,188/13,154/15,192/15 и 23/16) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце(„Службен гласник на Општина

Ранковце“ бр.9/05,4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 4-тата седницата одржана на ден 25.12.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување пазарна вредност на недвижен имот во Општина Ранковце**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува начинот на пресметување на пазарна вредност на недвижен имот, градежно изградено, неизградено и земјоделдско земјиште на територија на Општина Ранковце.

**Член 2**

При утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште се земаат во предвид просечните цени на извршените купопродажби во претходната година. Исто така при утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјите се зема во предвид видот на катастарската култура и класа, стрмнина, длабочина, ерозија, можност за иритација, пристапност до парцелата со земјделска механизација, апсорбција на вода и слично.

Земјоделско земјиште погодно за плацеви и викендици се смета она земјиште кое е во промет помало од 1000м$^2$, а до кое во непосредна близина има пристапна патна инфраструктура.

**Член 3**

Пазарната вредност на земјоделско земјиште опфатено со општ акт за село ќе се пресметува по вредност за м$^2$ како градежно неизградено земјиште;

**Член 4**

При утврдување на пазарната вредност на градежното изградено и неизградено земјиште се зема во предвид местоположбата на земјиштето, планираното односно утврдено право на градба и степенот на уреденост.

**Член 5**

Пазарната вредност на градежните објекти во населените места во општина Ранковце се пресметува согласно член 20 од Методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот.

**Член 6**

Табеларниот преглед за утврдување на пазарна вредност на земјиште во Општина Ранковце е составен дел на оваа Одлука.

**Член 7**

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот и прегледот кој е составен дел на Одлуката бр.09-1409/9 од 24.12.2024 година.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен Гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-1585/8**
**25.12.2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски,с.р.**

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПАЗАРНА ВРЕДНОСТ ЗА ЗЕМЈИШТЕ ВО ОПШТИНА РАНКОВЦЕ

ГИЗ-Градежно изградено земјиште; ГНЗ-Градежно неизградено земјиште; ЗПЗ-Земјиште под зграда;

| Ред. Бр. | Катастарска општина | Вредност по $м^2$ за кат.култураниви, ливади и пасишта | Вредност по $м^2$ за катаст. култура градина, лозје,овоштарник, шуми |
|---|---|---|---|
| 1. | Ветуница | од 10 до 80 денари | од 30 до120 денари |
| 2. | Вржогрнци | од 10 до 30 денари | од 30 до 100 денари |
| 3. | Герман | од 10 до 180 денари | од 50 до 180 денари |
| 4. | Гиновци | од 30 до 150 денари | од 120 до 200 денари |
| 5. | Гулинци | од 3 до 10 денари | од 15 до 70 денари |
| 6. | Крива Камен | од 3 до 10 денари | од 15 до 100 денари |
| 7. | Љубинци | од 30 до 150 денари | од 120 до 200 денари |
| 8. | Милутинци | од 10 до 60 денари | од 30 до 100 денари |
| 9. | Одрено | од 10 до 130 денари | од 100 до 150 денари |
| 10. | Опила | од 15 до 150 денари | од 100 до 200 денари |
| 11. | Отошница | од 10 до 120 денари | од 60 до 150 денари |
| 12. | Петралица | од 15 до 150 денари | од 60 до 180 денари |
| 13. | П’клиште | од 20 до 150 денари | од 60 до 180 денари |
| 14. | Псача | од 20 до 150 денари | од 50 до 180 денари |
| 15. | Радибуш | од 10 до 100 денари | од 50 до 150 денари |
| 16. | Ранковце | од 30 до 150 денари | од 150 до 220 денари |
| 17. | Станча | од 10 до 30 денари | од 50 до 120 денари |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлука за зголемување на основната главнина на Јавното комунално претпријатие „ЧИСТ ДЕН" Општина Ранковце**

1. Се прогласува Одлуката за зголемување на основната главнина на Јавното комунално претпријатие „ЧИСТ ДЕН" Општина Ранковце донесена на 4-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.12.2025 година.
2. Одлуката за зголемување на основната главнина на Јавното комунално претпријатие „ЧИСТ ДЕН" Општина Ранковце , да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-1611/6**
**26.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 254 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ" бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на РСМ" бр.290/20, 215/21, 99/22, 272,24 и 191/25) и член 73 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр.9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце на 4-та седница одржана на 25.12.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за зголемување на основната главнина на Јавното комунално претпријатие „ЧИСТ ДЕН" Општина Ранковце**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши зголемување на основната главнина во вид на паричен влог на Јавното комунално претпријатие „ЧИСТ ДЕН" Општина Ранковце, основано со Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Ранковце бр.07-575/3 од 06.11.2006 година („Службен гласник на Општина Ранковце" бр.7/06) и Одлуката за измени и дополнувања на Одлуката за основање на Јавно комунално претпријатие на Општина Ранковце бр.07-695/2 од 18.12.2007 година („Службен гласник на Општина Ранковце" бр.1/07), односно вкупната досегашна главнина од 0,00 денари, се зголемува за уште 1.000.000,00 денари, средстава од Буџетот на Општина Ранковце.

Со ова зголемување вкупниот износ на основната главнина на Јавното комунално претпријатие „ЧИСТ ДЕН" Општина Ранковце изнесува 1.000.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата со кои се зголемува основната главнина од член 1 од оваа Одлука во износ од 1.000.000,00 денари ќе се уплатуваат сукцесивно на жиро сметка на Јавното комунално претпријатие „Чист Ден" Општина Ранковце.

Се задолжува Јавното комунално претпријатие „Чист Ден" Општина Ранковце за секоја извршена уплата да поднесе пријава до Централниот регистар за впишување на уплатениот износ на основната главнина.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр. 09-1585/9**
**25.12. 2025 година**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија"бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце" бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлука за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце

1. Се прогласува Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.12.2025 година.
2. Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце".

**Бр.08-1611/7**
**26.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 39,40, 41 и 42 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија'' бр.82/08, 12/09,53/11,150/15,190/19), Советот на Општина Ранковце на 4-та седницата одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

## ОДЛУКА
## За формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите на Општина Ранковце

**Член 1**

Со цел унапредување на правата на пациентите општината формира постојана Комисија за унапредување на правата на пациентите.

**Член 2**

Комисијата се состои од единаесет членови.

За членови на Комисијата за унапредување на правата на пациентите се именуваат:

- Ненад Петковски
- Ангела Марковска
- Валентина Тоневска
- Слаѓана Пешевска
- Андријана Савовска
- Роберт Стефановски
- Ангела Ивановска
- Валерија Додевска
- Снежана Јовановска
- Николче Стевановски
- Сашка Николовска

**Член 3**

Комисијата за унапредување на правата на пациентите ги врши следниве работи:
унапредување на правата на пациентите и нивна заштита;
унапредување на правата на пациентите кои се лица со попреченост и жртви на насилство;
ја цени и проценува состојбата со заштита на правата на пациентите;
предлага мерки за подобрување на заштитата на правата на пациентите до надлежните органи;
соработува со надлежните органи;
разгледува поплаки од пациенти и предлага преземање на мерки до надлежни органи;
бара стручна експертиза ако оцени дека е тоа неопходно за утврдување на состојбата;
води евиденција за поединечни поплаки на пациентите, како и на мерките преземени за заштита на правата на пациентите;
подготвува и поднесува годишен извештај за заштита на правата на пациентите пред советот на општината;
издава информации, промотивен и друг материјал со цел за унапредување на правата на пациентите;
врши и други работи пропишани со закон.

**Член 4**

Мандатот на членовите на Комисијата изнесува две години, со право на уште еден последователен избор.

**Член 5**

Со донесување на Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите престанува да важи Одлуката за формирање на Комисија за унапредување на правата на пациентите („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 12/23).

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09 - 1585/10**
**25.12.2025**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател**
**Ненад Петковски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Програма за активностите на Општина Ранковце во областа на заштита и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, противпожарна заштита како и ревитализација по елиминирање на криза за 2026 година**

1. Се прогласува Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштита и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, противпожарна заштита како и ревитализација по елименирање на криза за 2026, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.12.2025 година.
2. Програмата за активностите на Општина Ранковце во областа на заштита и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, противпожарна заштита како и ревитализација по елименирање на криза за 2026, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.
3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1611/8**
**26.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

**ОПШТИНА РНКОВЦЕ**

# П Р О Г Р А М А

**за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, противпожарната заштита како и ревитализација по елиминирање на криза за 2026 година**

**Ранковце 2025 година**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 а во врска со член 22, точка 10 и 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на Република Македонија “бр. 5/2002 и „Службен Весник на Република Северна Македонија “бр. 202/2024), член 49 и 51 од Законот за пожарникарство ( „ Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016, 168/2017 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), член 2 став (1) од Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) член 4, став (2) и член 9 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21) и член 23, став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце ( „Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4,10, 3/11, 11/15 ,4/19 и 5/22 ), Советот на Општина Ранковце на 4-та седница одржана на ден 25.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Ранковце во областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, противпожарната заштита како и ревитализација по елиминирање на криза за 2026 година

## I - ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности како и ревитализација по елиминирање на криза во областа на заштитата и спасувањето кои преставуваат активности од јавен интерес.

Активностите спроведени во тековната 2026 година ќе бидат насочени согласно законските прописи, а во интерес на граѓаните од Општина Ранковце во остварување на нивните права, обврски како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Општина Ранковце активностите ќе ги остварува преку Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на општината донесен од страна на Совет на Општина Ранковце, а во соработка со:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување во Општина Ранковце;
- Просторните сили за заштита и спасување;
- Јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер основани од општината;
- Општинската Комисија за процена на штети од елементарни и други непогоди на територијата на Општина Ранковце;
- Општинската Територијалната противпожарна едница;

## II – ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

-Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богаства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи на подрачјето на Општина Ранковце.

- Ревитализација на општината по елиминирање на кризата.

- Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата и спасувањето на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богаства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи.

-Обезбедување на навремено истакнување на опасностите, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на непогодата.

-Создавање на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра.

-Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштитата и спасувањето.

## III – <u>АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА</u>

За реализација и остварување на основните цели на оваа Програма, активностите на Советот и Градоначалникот на општината ќе бидат насочени кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби пред се во:

–ревитализација на општината по елиминирање на кризата;

-обезбедување целосна заштита и спасување на луѓето и материјалните добра;

-ажурирање на Процената на загрозеност на Општина Ранковце од природни непогоди и други несреќи;

-ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Ранковце;

-техничко опремување на Просторните сили за заштита и спасување (штаб за заштита и спасување и универзална единица );

-обезбедување на услови за квалитетна, технички и стручна подготвеност на силите за заштита и спасување;

-заради отстранување на последиците од настанатите природни непогоди ги утврдуваат обврските на јавните претпријатија, установи и служби од локален карактер кои ги основала општината во:

-гаснење на пожари и спасување на луѓе и имот при сообраќајни, техничко-технолошки и други несреќи;

-расчистување на локални патишта, улици и други инфраструктурни објекти во случај на непроодност поради врнежи од снег, наноси од снег, голомразица, наноси од земја предизвикани од силни врнежи, одрони, лизгање на земјиштето и др.

-укажување на прва медицинска помош во случај на појава на зголемен број на заболени и повредени и спречување на ширење на заразни болести;

-заштита на животните и растенијата во случај на појава на болести, штетници и други природни непогоди;

-елиминирање на согледаните пропусти и негативности.

## IV – ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите од областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, противпожарната заштита како и ревитализација по елиминирање на криза , утврдени според оваа Програма ќе биде реализирано од:

- Средства од Буџетот на Општина Ранковце, и
- Средства од Буџетот на РСМ .

## V - Распоредување на финансиските средства:

**1.Приходи за противпожарна заштита ;**

**Приходи :**

| | |
|---|---|
| 1. Наменска дотација | 10.000.000,00 |
| 2. Буџет на Општина Ранковце | 2.263.000,00 |
| **Вкупно** | **12.263.000,00 денари** |

**Расходи за противпожарна заштита:**

| | |
|---|---|
| 1. Плати,наемнини и надоместоци за вработените | 10.000.000,00 |
| 2. Надоместоци | 870.000,00 |
| 3. Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 700.000,00 |
| 4. Поправки и тековно одржување на возила | 350.000,00 |
| 5. Материјали и ситен инвентар | 70.000,00 |
| 6. Договорни услуги | 33.000,00 |
| 7. Тековни расходи | 30.000,00 |
| 8. Капитални расходи (купување на опрема и машини) | 210.000,00 |
| **Вкупно :** | **12.263.000,00 денари** |

**2. Приходи за заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на криза ;**

**Приходи :**

| | |
|---|---|
| 1. Буџет на Општина Ранковце | 120.000,00 |

**Вкупно:** **120.000,00 денари**

**Расходи за заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на криза :**

1. Други тековни расходи 120.000,00

**Вкупно :** **120.000,00 денари**

**VI - Други форми на активности за поддржување и помагање на ТППЕ**

Активностите на Територијалната противпожарна единица – Ранковце, освен со финансиски средства, Градоначалникот и Советот на Општина Ранковце ќе ги помагаат и стимулираат и со:

- одбележување на 20- ти мај, Денот на пожарникарите;
- учество на Градоначалникот и претставници на Советот на средби и настани организирани од страна на ТППЕ Ранковце по разни поводи и прослави ;
- поддршка и учество во проектни активности

**VII– <u>РЕВИТАЛИЗАЦИЈА ПО ЕЛИМИНИРАЊЕ НА КРИЗАТА</u>**

**-Ревитализација по елиминирање на кризата после пожар**

- При шумски пожари просторот кој е зафатен треба да се ревитализира во повеќе фази во зависност од видот на опожарената дрвна маса и вегетација и тоа:
- Расчистување на земјиштето од изгорените дрвја;
- Подготовка на земјиштето за пошумување и
- Пошумување на земјиштето со расади
- Овие мерки за ревитализација ќе бидат превземени од страна на ЈП ШС Осогово, додека другите институции на локално ниво во засадување на дрва.
- При пожари на објекти, потребно е ревитализација од страна на сопствениците на објектите, додека останатите институции даваат солидарна помош.

**-Ревитализација по елиминирање на кризата после поплави**

-Санирање на последиците пред се во интервентно рачистување на реките и каналите, подигнување на одбранбени насипи, поправка на поплавените објекти, и ревитализација на земјоделското земјиште.

**-Ревитализација по елиминирање на кризата после снежни врнежи наноси**

-Санирањето на последиците треба да биде брзо и навремено пред се во ревитализација од страна на АД ЕВН и МЕПСО при санирање на настанатите штети на електричната мрежа.

**-Ревитализација по елиминирање на кризата после земјотреси, лизгање на**

**терен и поголеми одрони.**

-Земјотресите кои биле почуствувани на подрачјето на општината не предизвикале последици кои би барале ревитализација, додека ревитализација после лизгање на земјиштето се состои од превземање на мерки за ревитализација од општината со барање на средства од државата за целосно справување со последиците, ревитализацијата после поголеми одрони се состои во оспособување на патиштата за нормално одвивање на сообраќајот преку: поправка на ударни дупки и оштетени бетонски огради како и замена на заштитна мрежа.

## VIII – ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Ранковце, органи и тела на Советот на Општина Ранковце кој во соработка со Општинскиот штаб за заштита и спасување, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, и други надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренување на иницијативи, давање на мислење и поднесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Програмата да се објави во „ Службен гласник на Општина Ранковце''.

**Бр. 09-1585/11**
**25.12.2025год.**
**Ранковце**

**Совет на Општина Ранковце**
**Претседател,**
**Ненад Петковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“бр. 202/24), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

## З А К Л У Ч О К
### За прогласување на Програма за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2026 година

1. Се прогласува Програмата за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2026 година, донесена на 4-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 25.12.2025 година.
2. Програмата за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2026 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-1611/9**
**26.12.2025 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Даниел Павловски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/02), член 11 од Законот за социјална заштита ("Службен весник на РМ" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21,99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, („Службен весник на РМ „ бр.6/12, 166/14, 150/15, 53/21 и 39/25) и член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Ранковце ("Службен гласник на Општина Ранковце" број 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 4- та седницата одржана на 25.12.2025 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА, ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА И ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ОПШТИНА РАНКОВЦЕ ЗА 2026 ГОДИНА

## ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку јавни мерки и активности заради заштита од ризици, превенција и надминување на социјални проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на граѓаните. Остварувањето на социјалната, детската, здравствената заштита и еднаквите можности во општина Ранковце се заснова на Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата, Законот за семејство, Закон за еднакви можности на жените и мажите, Закон за спречување и заштита од дискриминација, Закон за локална самоуправа, Национална програма за развој на социјалната заштита, Национална политика за социјална заштита и други закони и подзаконски акти што се однесуваат на социјалната, детската, здравствената заштита и еднаквите можности во Република Северна Македонија. Програмата предвидува соработка со надлежниот Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Крива Паланка односно со Министерството за труд и социјална политика, Агенција за вработување преку Центар за вработување Крива Паланка, Министерство за здравство и сите други Министерства, приватен сектор, невладини организации, граѓански организации со кои ќе биде потребно.

Со Програмата за социјална заштита Општина Ранковце се стреми кон намалување на влијанието на социјалните ризици преку јакнење на капацитетите на ранливите категории на граѓани и нивна правилна инклузија во секојдневието. Програмата е насочена кон општо подобрување на условите за живот на граѓаните и ги уредува одрачјата на социјалната, детската, здраствената заштита и еднакви можности и начинот на остварување на предвидените активности.

## ОБЛАСТИ

**Активностите од Програмата на Општина Ранковце ќе се реализираат во четири области:**

## ОБЛАСТ 1

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

**ОБЛАСТ 2**
**ДЕТСКА ЗАШТИТА**

**ОБЛАСТ 3**
**ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА**

**ОБЛАСТ 4**
**ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ**
**ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ**

Програмата за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности се темели на четири приоритетни цели:
Подостапни социјални услуги на локално ниво;
Поквалитетен живот на децата;
Подобрување на примарната здравствена заштита на граѓаните на Општина Ранковце;
Унапредување на родовата еднаквост на локално ниво;

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

**Приоритетна цел**

Подостапни социјални услуги на локално ниво

**Активности**

1. Парична помош на социјално загрозени лица, лица кои претрпеле елементарна непогода, стари и изнемоштени лица, лица со попречености;
2. Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост 3-ти декември;
3. Ангажирање на невработени лица за вршење на Јавни работи преку АВРСМ;
4. Аплицирање и имплементација на проекти на Министерствотот за социјална политика, демографија и млади;

**ДЕТСКА ЗАШТИТА**

**Приоритетна цел**

Поквалитетен живот на децата

**Активности**

Парична помош за секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територија на Општина Ранковце;
Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ ,,Христијан Тодоровски – Карпош'' ;
Новогодишни пакетчиња за деца;

**ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

**Приоритетна цел**

Подобрување на примарната здравствена заштита на граѓаните на општина Ранковце

**Активности**

Парична помош на деца и лица во лоша здравствена состојба, лица кои боледуваат од ретки и специфични болести, болнички третмани, хирушки зафати;
Едукативни трибини за здраствено воспитување на населението, деца и млади во училишни и предучилишни установи и лошото влијание од употреба на психотропни супстанци;

## ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**Приоритетна цел**
Унапредување на родовата еднаквост на локално ниво

**Активности**

Учество на семинари, работилници, панел дискусии и округли маси поврзани со правото на еднаквите можности и родово одговорно буџетирање;
Унапредување на економскиот статус на жените, јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво преку публицирање на информации (печатени материјали, веб страна на општината);

## АКЦИСКИ ПЛАН

| **Активност** | **Временски период** | **Носител на активноста** | **Буџет на Општина Ранковце** |
|---|---|---|---|
| Парична помош за социјално загрозени, лица кои претрпеле елементарна непогода, стари и изнемоштени лица, лица со попречености | Во текот на годината | Општина Ранковце | 100.000,00 |
| Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост 3-ти Декември | 3-ти Декември 2025 | Општина Ранковце | 30.000,00 |
| Ангажирање на невработени лица преку за вршење на Јавни работи преку АВРСМ | Во текот на годината | Општина Ранковце АВРМ | 100.000,00 |
